03-691/3
31.03. 16
ДОО

**ПЕЛАГОНИСКА РЕВИЗОРСКА КУЌА**
**ДОО Прилеп**

ул. „Драган Димески“ бр. 19/А
7500, П р и л е п
Република Македонија
П. фах: 256
телефон./факс: ++389(0)48 413-856
мобилен: 070/208-138;
web: http://www.perk.com.mk
e-mail: perk@perk.com.mk

Врз основа на член 35 од Законот за ревизија во Република Македонија (Службен Весник на РМ бр.184/2014) Друштвото за ревизија „Пелагониска Ревизорска Куќа''ДОО Прилеп на ден 31 Март 2016 година го поднесува овој:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2015 година

Извештајот за транспарентност ги содржи информациите за:

1. Правната структура и сопственост на друштвото за ревизија;
2. Професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа;
3. Управувачката структура на друштвото за ревизија;
4. Внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем;
5. Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно со Законот за ревизија;
6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на годината за која се известува година;
7. Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени;
8. Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори во текот на годината за која се известува;
9. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци, расчленет на четири категории: од услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки, дополнителни услуги на уверување во квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги; и
10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор.

# 1. Правна структура и сопственост

## 1.1 Име на субјектот

Друштвото е регистрирано и работи под името: Друштво за ревизија **Пелагониска Ревизорска Куќа** ДОО Прилеп.

Правната форма на друштвото е друштво со ограничена одговорност – ДОО.

Регистрираното место на друштвото е и седиштето на друштвото, односно друштвото е регистрирано со седиште на ул. „Драган Димески" бр. 19/А, Прилеп, Република Македонија.

Во трговскиот регистар при Централниот Регистар на Република Македонија друштвото е регистрирано на 05.09.1999 година.

Друштвото е заведено под реден број ДР014 во Регистарот на ревизорски друштва при Институтот на овластени ревизори на Република Македонија.

Исто така, друштвото поседува лиценца за вршење работи на ревизија заведена под реден број 10 и издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата, којашто лиценца е издадена на 12.07.2013 година.

## 1.2 Број на вработени лица во субјектот

Друштвото согласност Законот за работни односи, со состојба на 31.12.2015 година има вработено вкупно 5 (пет) лица, според работното време структурата е како што следи:

- 5 (пет) лица вработени на неопределено полно работно време, и
- 1 (едно) лице вработено на неопределено скратено работно време.

Со денот на објавување на Извештајот за транспарентност, друштвото, исто така, има вработено вкупно 6 (шест) лица, според работното време структурата е како што следи:

- 5 (пет) лица вработени на неопределено полно работно време, и
- 1 (едно) лице вработено на неопределено скратено работно време.

Покрај овие вработени лица, во **Пелагониска Ревизорска Куќа** ДОО Прилеп на повремена основа во извршувањето на ревизорските ангажмани се ангажираат и соодветно квалификувани надворешни лица, овластени ревизори.

## 1.3 Опис на сопственичката структура на друштвото

Друштвото за ревизија е регистрирано со основна главнина во износ од 167.200,00 МКД.

Сопствениците на друштвото според нивниот статус (овластени ревизори и останати физички лица) и нивното учество изразено во апсолутен износ и во проценти е како што следи:

| Ред. бр. | Име и презиме | Статус | Учество | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Износ | % |
| 1. | Бранко Трајкоски | овластен ревизор | 77.400 | 46,29 % |
| 2. | Пецко Ристески | овластен ревизор | 6.200 | 3,71 % |
| 3. | Виданка Ацеска | овластен ревизор | 6.200 | 3,71 % |
| 4. | Фаница Ацеска | физичко лице | 77.400 | 46,29 % |
| - | **Вкупно:** | - | **167.200** | **100,00 %** |

**1.4 Приоритетна дејност/главна приходна шифра**

Приоритетната дејност, односно главната приходна дејност на друштвото е 69.20 – Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување.

**1.5 Број на подружници на субјектот регистрирани во државата,нивните целосни називи и адресите на нивните регистрирани седишта**

Друштвото за ревизија **Пелагониска Ревизорска Куќа** ДОО Прилеп нема регистрирано подружници во Република Македонија.

**1.6 Број на други друштва во земјата во кои субјектот се јавува како основач и негови поврзани субјекти, нивните целосни називи, правната форма и адресите на нивните регистрирани седишта и дејност**

Друштвото нема основано други правни лица или поврзани субјекти.

**1.7 Број на подружници на субјектот регистрирани во странство, нивните целосни називи, адресите на нивните регистрирани седишта**

Друштвото нема регистрирано подружници во странство.

**1.8 Број на други друштва во странство во кои субјектот се јавува како основач и негови поврзани субјекти, нивните целосни називи, правната форма и адресите на нивните регистрирани седишта и дејност**

Друштвото за ревизија не се јавува како основач на други субјекти во странство или негови поврзани друштва.

**1.9 Годишно осигурување од одговорност**

Друштвото има склучено Полиса бр. 130160000157/00 со Еуролинк Осигурување АД Скопје за осигурување од одговорност на износ од 250.000 евра (15.375.000,00 МКД) по штетен настан и со период на важност од 28.01.2016 година до 28.01.2017 година.

## 2. Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа

### 2.1 Име на меѓународната мрежа со краток опис на истата

Друштвото за ревизија Пелагониска Ревизорска Куќа ДОО Прилеп делува на територијата на Република Македонија. Друштвото е член на Институтот на Овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ). На 14 ноември 2013 година ИОРРМ стекна статус на полноправна членка на Меѓународната федерација на Сметководители (IFAC). Друштвото не е член на меѓународна мрежа.

### 2.2 Клучни елементи од договорот за основање или друг вид на договор за членство во меѓународна мрежа

/

### 2.3 Големина на мрежата

/

## 3. Опис на управувачката структура

### 3.1 Опис на начинот на управување во субјектот

Во согласност со Законот за трговски друштва и Договорот за основање на Друштвото, органи на управување на друштвото се:

1. Собирот на содружници и
2. Управителот на друштвото

### 3.2 Состав на органите на управување и надзор

Орган на управување на Друштвото е Управителот на Друштвото. Управител на друштвото е Пецко Ристески, со неограничени овластувања.

## 4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет и изјава од управителот за ефективноста на неговото функционирање

### 4.1 Вовед

Политиките и постапките за контрола на квалитетот се носат врз основа на барањата на: МСКК 1 Контрола на квалитетот за фирми кои вршат ревизии и проверки на историски финансиски инфрмации и други ангажмани за уверување и поврзани услуги; и МСР 220 (ревидиран) Контрола на квалитетот на ревизии на историски финансиски информации.

**4.2 Одговорност на раководството за внатрешниот систем на контрола на квалитетот**

Управителот на Друштвото е одговорен за функционирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото.

**4.3 Релевантни етички барања**

Вработените во Друштвото мора да бидат независни во однос на ревизорските ангажмани, како и во однос на клиентите. Контролата на квалитетот на ревизорската работа се имплементира како на ниво на друштвото за ревизија, така и на секоја поединечна ревизија. Имено МСКК 1 ги уредува прашањата кои се однесуваат на контрола на квалитетот на ниво на ревизија, додека МСР 220 се однесува на контролата на квалитет за поединечни ангажмани.

**4.4 Политики кои се следат за прифаќање, продолжување или повлекување на ангажманите**

Во процесот на прифаќање и продолжување на ревизорскиот ангажман се врши проверка од аспект на расположливите ресурси, ризиците од ангажманот, интегритетот на менаџментот и проверка дали Друштвото може да ги применува етичките барања.

**4.5 Политки и процедури кои се однесуваат на човечките ресурси**

Управителот врши проверка на потребите за човечки ресури, а се со цел обезбедување на квалитетна и навремена услуга.

Имено, Управителот за секој ревизорски ангажман определува одговорен на ангажманот, како и тим кој ќе работи на ангажманот.

Политиките и процедурите кои се однесуваат на човечките ресури опфаќаат постапки за вработување (во зависност од обемот на работа на Друштвото), проверка на работењето, оценување на вработените и нивно унапредување.

**4.6 Политиките и процедурите кои се однесуваат на спроведувањето на ангажманите и вршењето на внатрешната контрола на квалитет**

Пелагониска Ревизорска Куќа како Друштво за ревизија има донесено значаен нормативен акт – правилник за контрола на квалитетот. Во овој нормативен акт подетално се опишани политиките и процедурите за контрола на квалитет и тоа започнувајќи од прифаќање на ревизорскиот ангажман, писмото за ангажирање, планирање и извршување на ревизијата заклучно со пишување и поднесување на ревизорски извештај. Како гаранција дека персоналот ќе се придржува кон политиките и процедурите за квалитет на почетокот на годината секој вработен во Пелагониска Ревизорска Куќа потпишува изјава дека е запознат со политиките и

процедурите за контрола на квалитет предвидени во правилникот на Пелагониска Ревизорска Куќа.

Внатрешната контрола на квалитетот на ревизијата се спроведува преку доследно придржување на овластените ревизори кон политиките и процедурите за контрола на квалитетот што ги има донесено оваа ревизорска куќа започнувајќи од писмото за ангажирање, планирање и извршување на ревизијата, па заклучно со пишувањето и поднесувањето на ревизорскиот извештај. Покрај управителот на **Пелагониска Ревизорска Куќа** ДОО Прилеп, кој истовремено е и овластен ревизор, во контролата на квалитетот **Пелагониска Ревизорска Куќа** ДОО Прилеп користи и соодветни квалификувани надворешни лица за контрола на ревизорски ангажмани за големи субјекти и субјекти коишто котираат на берза. Покрај овие мерки контролата на квалитетот, односно квалитетот на ревизијата се обезбедува и преку самоконтрола и доследно почитување на етиката на професионалните сметководители.

### 4.7 Политиките и процедурите кои се однесуваат на следењето на внатрешниот систем на контрола на квалитет

Политиките и процедурите кои се однесуваат на следењето на внатрешниот систем на контрола на квалитет имаат за цел обезбедување оценка за тоа дали системот на контрола на квалитет бил соодветно дизајниран и ефективно импелментиран, дали истиот е усогласен со професионалните стандарди и законската регулатива.

### 4.8 Политиките и процедурите за документирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет

Друштвото за ревизија има политики и процедури за документирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет, со цел да ја одржат доверливоста, интегритетот, безбедноста и пристапот до документацијата на ангажманот.

### 4.9 Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет

Јас, Пецко Ристески, овластен ревизор и управител на Пелагониска Ревизорска Куќа ДОО Прилеп со стан на живеење на ул. „Борка Талески“ бр.138 согласно одредбите од член 35 од Законот за ревизија („Сл. Весник на Р.М.“ бр. 158/10, 135/11, 50/12, 188/13 , 43/14 и 192/15) под морална и кривична одговорност изјавувам дека внатрешниот систем на контрола на квалитетот ефективно функционира.

Подносител на изјавата

Управител
Овластен ревизор,

Пецко Ристески

## 5. Датум кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизијата

Во согласност со член 20 од Законот за ревизија, во текот на 2014 година, односно за ревизија на финансиските извештаи од 2013 година од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија направена е проверка на организацијата на системот на контрола на квалитет во периодот од 27 до 31 октомври 2014 година.

## 6. Списокот на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година

Во текот на 2015 година, **Пелагониска Ревизорска Куќа** ДОО Прилеп има извршено ревизија кај следниве субјекти:

| Ред. Бр. | Назив на субјектот | Вид на ревизија |
|---|---|---|
| 1. | Фабрика за квасец и алкохол АД Битола | Законска |
| 2. | Општина Ресен | Договорна |
| 3. | Трикотажа АД Пелистер Битола | Законска |
| 4. | ДГУ Пелистер ДОО Битола | Законска |
| 5. | Макпромет АД Штип | Законска |
| 6. | Печатница 11 Октомври АД Прилеп | Законска |
| 7. | ЈП Лисиче Велес | Законска |
| 8. | Рудник САСА ДОО Македонска Каменица | Законска |
| 9. | Микросам АД Прилеп | Законска |
| 10. | ЈП Стрежево Битола | Законска |
| 11. | Брилијант ДООЕЛ Штип | Законска |
| 12. | Арини Фешн ДООЕЛ Прилеп | Законска |
| 13. | Млекара АД Тетово | Законска |
| 14. | ЈП Агро-Берза Скопје | Законска |
| 15. | Фабрика за шеќер „4-ти Ноември“ АД Битола | Законска |
| 16. | Аневски Винерија ДООЕЛ Штип | Законска |
| 17. | Транскоп Патнички Сообраќај АД Битоал | Законска |
| 18. | Металец АД Битола | Законска |
| 19. | Еурокомпозит 11 Октомври АД Прилеп | Законска |
| 20. | ВС Прилепско Поле Прилеп | Законска |
| 21. | Еуро-Фарм ДООЕЛ Битола | Законска |
| 22. | Кринг КГ ДОО Прилеп | Законска |
| 23. | Сигурносно Стакло АД Прилеп | Законска |
| 24. | Футура ДОО Прилеп | Законска |
| 25. | Градски Трговски Центар АД Скопје | Законска |
| 26. | Прогрес Институт за социјална демократија | Договорна |
| 27. | Дониа ДОО Прилеп | Законска |
| 28. | Радомак ДОО с. Ржаничино Петровец | Законска |
| 29. | Диамед Ренал Сервис ДООЕЛ Скопје | Законска |
| 30. | Андонов ДООЕЛ Свети Николе | Законска |

| | | |
|---|---|---|
| 31. | ЈКП Комуналец Кичево | Законска |
| 32. | Чифтјилдиз Мермер ДООЕЛ Плетвар | Договорна |
| 33. | ЈП Комунална Хигиена Скопје | Законска |
| 34. | Крин-Производство ДОО с. Беровци Прилеп | Законска |
| 35. | Нат Текстиле ДОО Прилеп | Законска |
| 36. | Дамбој-Инженеринг ДООЕЛ Охрид | Договорна |
| 37. | ЈП Студенчица Кичево | Законска |
| 38. | Жито Караорман АД Кичево | Законска |
| 39. | Трансоил МН ДООЕЛ Штип | Законска |
| 40. | ЈП Македонијапат Скопје | Законска |
| 41. | Салида Петрол ДООЕЛ Прилеп | Законска |
| 42. | Саитис Битола ДОО | Законска |
| 43. | Градинар АД Охрид | Законска |
| 44. | ЈП Службен весник на РМ | Законска |
| 45. | Букефал Кај Томе ДООЕЛ Прилеп | Законска |
| 46. | КМК Лав ДООЕЛ Прилеп | Законска |
| 47. | Боеми 06 ДООЕЛ Прилеп | Законска |
| 48. | Безбедност Транс ДООЕЛ Прилеп | Законска |
| 49. | Безбедност ДООЕЛ Прилеп | Законска |
| 50. | Артисимо ДООЕЛ Скопје | Законска |
| 51. | Мак- Тутун АД Ресен | Законска |
| 52. | Изо Стакло ДОО Прилеп | Договорна |
| 53. | Еурогејмс ДООЕЛ Охрид | Законска |
| 54. | ЈЗУ Здравствен дом Охрид | Законска |
| 55. | ВС Битолско Поле Битола | Законска |
| 56. | ЈКП Пазари Прилеп | Договорна |

## 7. Изјава за независното работење на Пелагониска Ревизорска Куќа ДОО Прилеп во однос на субјектите за ревизија

Јас, Пецко Ристески, овластен ревизор и управител на Пелагониска Ревизорска Куќа ДОО – Прилеп со стан на живеење на ул. Борка Талески бр.138 согласно одредбите од член 35 од Законот за ревизија („Сл. Весник на Р.М." бр. 158/10, 135/11, 50/12, 188/13, 43/14 И 192/15) под морална и кривична одговорност изјавувам дека во Пелагониска Ревизорска Куќа доследно се спроведени процедурите за проверка на независноста и дека Друштвото за ревизија и неговите вработени се независни во однос на субјектот за ревизија.

Независното работење на Пелагониска Ревизорска Куќа ДОО - Прилеп во однос на субјектите за ревизија се обезбедува со доследно придржување на целиот персонал кон интерните процедури пропишани во нормативниот акт - правилникот за контрола на квалитетот. Ова практично се спроведува на тој начин што управителот и целиот работен персонал како и ангажираните соодветно квалификувани надворешни лица пред да бидат ангажирани за ревизија за конкретен ентитет потпишуваат изјави за финансиска, управувачка и друга независност во однос на субјектот за ревизија, како и изјава дека ќе се придржуваат кон кодексот на етика на професионални сметководители издаден од страна на Меѓународната организација на сметководители IFAC.

Проверката и одговорноста за придржување кон пропишаните политики и процедури за независност е во надлежност на Управителот на Друштвото – Пецко Ристески.

Подносител на изјавата

Управител
Овластен ревизор,

Пецко Ристески

## 8. Изјава за политиката што ја следи Пелагониска Ревизорска Куќа ДОО Прилеп за професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година

Јас, Пецко Ристески, овластен ревизор и управител на Пелагониска Ревизорска Куќа ДОО – Прилеп со стан на живеење на ул. Борка Талески бр.138 согласно одредбите од член 35 од Законот за ревизија („Сл. Весник на Р.М." бр. 158/10, 135/11, 50/12, 188/13, 43/14 и 192/15) под морална и кривична одговорност изјавувам дека во текот на претходната година Пелагониска Ревизорска Куќа доследно ја реализира политиката за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори. Имено, согласно планот и програмата за континуирана едукација овластените ревизори во претходната година редовно ги следеа сите предавања за континуирано професионално усовршување организирани од страна на Институтот за овластени ревизори за што добија и соодветни сертификати. Јас како управител водам евиденција на сертификатите за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори во посебно досие. Покрај екстерната едукација во рамките на Друштвото – Пелагониска Ревизорска Куќа претходната година се изврши и интерна едукација на целокупниот персонал со подготвени пишани материјали од страна на постари овластени ревизори и соодветно квалификувани надворешни лица (универзитетски професори).

Подносител на изјавата

Управител
Овластен ревизор,

Пецко Ристески

## 9. Финансиски информации за вкупниот приход остварен од ревизија и од други надоместоци

Списокот на вид на услуги што ги нуди **Пелагониска Ревизорска Куќа** ДОО - Прилеп на пазарот се како што следи:

1. Законска и договорна ревизија на финансиските извештаи на трговски друштва
2. Ангажмани за проверка на финансиските извештаи
3. Ангажмани за уверување кои не се ревизии или проверка на историски и финансиски информации
4. Ревизии при статусни промени на трговски друштва
5. Советодавни услуги за специфични сметководствени третмани

Вкупниот приход за 2015 година на **Пелагониска Ревизорска Куќа** ДОО Прилеп е остварен по следниве основи:

| Р. бр. | Вид на приход | 2015 | | 2014 | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Износ | Учество | Износ | Учество |
| 1. | Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки (согласно МСР) | 6.438.608 | 99,30% | 6.748.490 | 96,73% |
| 2. | Дополнителни услуги за уверување во квалитет (согласно другите релевантни објави на IFAC, прифатени и објавени во РМ) | 45.679 | 0,7% | 123.474 | 1,77% |
| 3. | Даночни советодавни услуги (на пример, услуги на сметководство, проценки, консалтинг, интерна ревизија и други услуги) | - | - | - | - |
| 4. | Други неревизорски услуги (на пример, услуги на тренинг, преводи и останати услуги) | - | - | 104.915 | 1,50% |
| | **Вкупно:** | **6.484.287** | **100%** | **6.976.879** | **100,00%** |

## 10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

Основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор, главно, е на следново:

- нормирана плата за овластените ревизори и помошници;
- разни стимулации за ефикасноста и квалитетот во извршувањето на ревизорските ангажмани;
- договорени надоместоци за повремено ангажираните соодветно квалификувани надворешни лица.

П р и л е п
31.03.2016 година

**Пелагониска Ревизорска Куќа** ДОО Прилеп
У п р а в и т е л
Овластен ревизор

Пецко Ристески